# НАТО ПОСЛЕ БУКУРЕШТ

## Помош за Авганистан, консолидирање на Европа, продлабочени партнерства, соочување со новите предизвици

Самитот во Букурешт што се одржа од 2 до 4 април 2008 година беше најголемиот самит на НАТО одржан досега. Учествуваа над 60 земји како и високи претставници на многу клучни институции меѓу кои и генералниот секретар на ООН и претседателот на Комисијата на ЕУ. Самитот ја нагласи решеноста на Алијансата блиску да соработува со меѓународната заедница во соочувањето со безбедносните предизвиците на 21-виот век како и на остварувањето на сопствениот единствен придонес за промовирање на безбедноста и стабилноста во едно стратегиско опкружување кое брзо се менува.

Во Букурешт лидерите од НАТО ги повторија своите долгорочни заложби во Авганистан и важноста да постои блиска соработка со сите земји и меѓународни организации кои го поддржуваат напредокот на оваа земја. НАТО повторно потврдувајќи ја својата политика на отворена врата и својата решеност да ја консолидира безбедноста и стабилноста во Европа ги покани Албанија и Хрватска да започнат со преговорите за пристапување-членство и се согласија дека Украина и Грузија еден ден исто така ќе станат членки на НАТО. Лидерите од Алијансата исто така ја нагласија предаденоста на НАТО во однос на својата мисија на Косово, КФОР и мисијата во Ирак како и подготвеноста на Алијансата да продолжи да ја поддржува Африканската унија во Судан и во Сомалија. Тие исто така силно ги поддржаа напорите за трансформација на Алијансата во согласност со оперативните барања и новите безбедносни закани, меѓу другото и преку објавување на единствена изјава за ракетната одбрана. Покрај ова имаа и конструктивни разговори со рускиот претседател за тоа како Алијансата и Русија можат да соработваат во справувањето со безбедносните предизвици.

# Помош за Авганистан

Лидерите од Алијансата во Букурешт нагласија дека евро-атлантската и пошироката меѓународна безбедност е блиску поврзана со иднината на Авганистан како мирна демократска држава во која се почитуваат човековите права и земја ослободена од тероризам. Од тие причини Меѓународните безбедносни сили за помош (ИСАФ) и понатаму се еден од најголемите приоритети на НАТО. Беше забележано дека е постигнат значителен напредок од времето кога НАТО ја превзеде командата со мисијата на ИСАФ во август 2003 година но дека и понатаму постојат уште многу предизвици како за Авганистанската влада така и за НАТО и остатокот на меѓународната заедница.

Алијансата веќе долго време се залага за „сеопфатен пристап“ кон Авганистан и останатите безбедносни предизвици којшто ќе ги обедини цивилните и воените активности. Во Букурешт овој „сеопфатен пристап“ беше прикажан на дело.  На состанокот посветен на Авганистан на сојузниците им се придружија и нивните партнери од ИСАФ, авганистанскиот претседател, генералниот секретар на ООН, претседателот на Комисијата на ЕУ, високиот претставник на ЕУ, управниот директор на Светската банка и јапонскиот заменик министер за надворешни работи. Состанокот го означи почетокот на новата фаза во ангажманот на меѓународната заедница каде доминантно воените активности за остварување безбедност и стабилност преминуваат во пристап каде поголем акцент се става на цивилните активности за обнова и пред сè сопствен ангажман од страна на Авганистан.

Земјите кои што учествуваат со трупи во рамките на ИСАФ ја усогласија заедничката стратегиска визија за Авганистан којашто се води од четири клучни принципи:

- цврста и заедничка долгорочна заложба;
- поддршка за зајакнување на авганистанското раководство и одговорност;
- сеопфатен пристап од страна на меѓународната заедница за обединување на цивилните и воедните активности; и
- зголемена соработка и ангажман од страна на соседите на Авганистан, особено од страна на Пакистан.

Покрај ова, земјите застапени во ИСАФ исто така усвоија и сеопфатен политичко-воен стратегиски план за Авганистан којшто поставува јасни и реалистични одредници за да се овозможи пофокусиран напор и за да се мери напредокот на објективен начин. Планот исто така обезбедува и насоки за тоа како да се соработува на поефективен начин со авганистанската влада и другите меѓународни организации. И конечно повеќе сојузници и партнери исто така најавија дека ќе испратат сили во ИСАФ како и други форми на поддршка.

## Консолидирање на Европа

Самитот во Букурешт ја нагласи понатамошната силна заложба на НАТО да помогне во креирањето на целосна, слободна и мирна Европа. Албанија и Хрватска беа поканети да започнат со преговорите за пристапување. Целта е да се потпишат протоколи за пристапување до крајот на јули 2008 година а процесот на ратификација да се заврши без одлагање. На Самитот повторно беше нагласено дека вратата на НАТО и понатаму останува отворена за другите европски демократии кои изразуваат волја и се подготвени да ги прифатат обврските што ги наметнува членството.

Како Албанија и Хрватска така и поранешната југословенска Република Македонија* веќе повеќе години учествува во Акцискиот план за членство (АПЧ) на НАТО за да се подготви за можното членство. Сојузничките лидери се согласија дека земјата ќе биде поканета да пристапи кон НАТО веднаш штом во рамките на тековните преговори за нејзинот име ќе се изнајди заеднички прифаливо решение.

Грузија и Украина имаат Интензивиран дијалог со НАТО како дел од нивните аспирации за членство и реформите поврзани со тоа. Сојузничките лидери се согласија дека двете земји ќе станат членки на НАТО и дека Алијансата ќе започне интензивни активности со обете земји во насока на решавање на постоечките прашања поврзани со нивното вклучување во АПЧ процесот. Министрите за надворешни работи на НАТО ќе ја направат првата проценка на постигнатиот напредок на секоја од овие две земји во декември 2008 година.

Како одговор на евро-атлантските аспирации и напорите за реформи во Босна и Херцеговина и во Црна Гора и овие две земји беа поканети исто така да започнат Интензивиран дијалог без да се прејудицира каква било идна одлука на Алијансата. Сојузниците исто така ја нагласија својата волја за продлабочување на соработката со Србија, особено преку развој на Индивидуалниот акциски план за членство и да се размисли за Интензивиран дијалог по барање од Србија.

Лидерите на Алијансата ја повторија својата заложба за стабилност на целиот Балкан и повторија дека робусните Сили на НАТО за Косово (КФОР), коишто за првпат беа распоредени во јуни 1999 година ќе останат на Косово врз основа на Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН. НАТО и КФОР ќе продолжат да работат со властите и со Обединетите нации, Европската унија и другите меѓународни фактори во поддршката на развојот на стабилно, демократско, мултиетничко и мирно Косово.

** Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име.*

# Продлабочени партнерства

Партнерите на НАТО се од клучна важност за начинот на кој функционира Алијансата денеска. Партнерските договори на Алијансата ги опфаќаат Евро-атлантскиот партнерски совет (ЕАПС); специјалните односи со Русија и со Украина; Медитеранскиот дијалог со седум земји од Северна Африка и Блискиот Исток; Истанбулската иницијатива за соработка која ги опфаќа земјите од Заливот; и помалку формалните билатерални односи со земјите партнери од целиот свет. Во Букурешт Сојузниците го нагласија својот континуиран интерес за вклучување на партнерите во своите мисии и операции и за прилагодување на дијалогот и соработката на нивните конкретни интереси и грижи.

На неформалниот работен состанок шефовите на држави и влади од ЕАПС ја поздравија одлуката на Малта да се врати во Партнерството за мир (ПзМ) и да се приклучи кон ЕАПС. (Малта се приклучи кон програмата на ПзМ во април 1995 година но го суспендираше своето учество во октомври 1996 година.)

На состанокот на Комисијата на НАТО и Укрина (НУК), претседателот на Украина им се заблагодари на Сојузниците за „јасниот сигнал“ којшто го дадоа во однос на иднината на односите меѓу Украина и НАТО со тоа што се согласија дека земјата ќе стане членка на НАТО. Сојузничките лидери го поздравија напредокот на Украина во областа на одбраната и реформите во безбедносниот сектор и го пофалија нејзиното значително учество во операциите и мисиите под раководство на НАТО.

Лидерите од Алијансата исто така се сретнаа и со рускиот претседател на првиот состанок на ниво на самит на Советот на НАТО и Русија (НРС) од неговото формирање во мај 2002 година. Лидерите во рамките на Советот се согласија со стратегиската важност на партнерството меѓу НАТО и Русија и за вредноста на истиот како форум за искрен политички дијалог, дури и за прашања за кои сојузниците и Русија може да не се согласуваат. Пред состанокот на Советот, НАТО и Русија потпишаа договор за олеснување на копнениот транзит низ територијата на Русија за опрема која не е од воен карактер а чија крајна цел е ИСАФ.

Сојузниците повикаа на понатамошна соработка меѓу НАТО и Обединетите нации во насока на одржување на меѓународниот мир и безбедност и ја нагласија вредноста на ефективната и ефикасна координација меѓу двете организации. Тие исто така ја нагласија својата решеност за подобрување на стратегиското партнерство меѓу НАТО и ЕУ што опфаќа широк опсег на прашања од заеднички интерес и има сè поглема важност за Авганистан и Косово. Сојузничките лидери повторија дека „посилна ЕУ дополнително ќе ја зајакне заедничката безбедност“.

## Соочување со предизвиците

Во Букурешт лидерите од Алијансата ја нагласија потребата НАТО и понатаму да може да ги остварува своите оперативни обврски и да ги спроведува своите мисии во целост како и понатаму да дава поттик и насоки за тековната трансформација на силите и одбранбените капацитети на Алијансата. Тие исто така ја нагласија и потребата од адаптација на структурите и процесите во Седиштето на НАТО а на генералниот секретар на НАТО му дадоа задача да развие предлози за оваа цел кои би биле презентирани на Самитот во 2009 година.

На Самитот во Букурешт постоеше широк консензус дека покрај остварувањето на постоечките услови, особено што се однесува на мисиите и операциите на НАТО, Алијансата исто така мора да се подготви и за новите, нетрадиционални предизвици како што се пролиферацијата на оружје за масовно уништување, кибернетичките напади или прекинот во достава на енергија.

Сојузничките лидери согледаа дека планираниот развој на американскиот одбранбен ракетен систем во Европа ќе помогне во заштитата на многу сојузници и се согласија дека овој капацитет би требало да биде интегрален дел од секоја идна широка ракетна одбранбена архитектура на НАТО. Можностите за оваа сеопфатна ракетна одбранбена архитектура да се прошири на целокупната сојузничка територија која на друг начин не е покриена од американскиот систем ќе бидат разгледани на следниот Самит на НАТО во 2009 година. Охрабрувајќи ја Русија да ги искористи американските предлози за соработка во однос на ракетната одбрана, тие ја изразија својата подготвеност да го испитаат потенцијалот за

поврзување на одбранбените ракетни системи на САД, НАТО и Русија во соодветно време.

Сојузниците усвоија и политика за кибернетичка одбрана ставајќи акцент врз потребата НАТО и земјите да ги заштитат клучните информативни системи; да ги споделат најдобрите искуства, и да обезбедат можност да им се помогне на земјите-сојузнички, на барање, да се спротивстават на некој кибернетички напад. Тие очекуваат продолжување на развојот на кибернетичките одбранбени капацитети на НАТО и зајакнување на врската меѓу НАТО и националните власти во оваа област.

Сојузничките лидери исто така го разгледаа и извештајот за улогата на НАТО во рамките на енергетската безбедност што ги идентификува водечките принципи и дава приказ на можностите и препораките за понатамошни активности пред сè во пет области каде НАТО може да допринесе многу: спојување и споделување на информацииите и разузнувачките податоци; остварување на стабилност; унапредување на меѓународната и регионалната стабилност; поддршка на справувањето со последици; и поддршка на заштитата на клучната инфраструктура. Постигнатиот напредок ќе се разгледа на Самитот во 2009 година.

# По Букурешт

Сојузничките лидери се согласија следната средба да се одржи следната година и тоа во Стразбур, Франција и Келн, Германија кога ќе се прослави 60-годишнината од формирањето на НАТО. Самитот ќе претставува и можност да се провери трансформацијата на НАТО и дополнително да се артикулира и зајакне визијата на Алијансата за својата улога во справувањето со предизвиците на 21-виот век. Исто така беше договорено да се изготви Декларација за безбедноста на Алијансата која ќе биде усвоена на Самитот во 2009 година со цел дополнително да се обезбедат услови за остварување на оваа важна задача.

**NATO Public Diplomacy Division /
Division Diplomatie publique de l'OTAN
1110 Brussels / 1110 Bruxelles
Belgium / Belgique
natodoc@hq.nato.int
www.nato.int**

ABMAC_0408 © NATO / OTAN 2008